ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 03-865 15.03 2010 год.
с. Морани - Скопје

Јавно Комунално Претпријатие
ЗЕЛЕНИКОВО
Бр. 04-85/1
15.03 2010 год.
Станица Зелениково
Општина Зелениково

# ДОГОВОР

## за деловна соработка

Склучен на ден 15.03.2010 год. помеѓу

- **ЈКП Зелениково станица Зелениково**, застапувана од директорот Јованче Т Димовски од една страна, како давател на услуга (во понатамошниот текст Извршител)
- **Фруктал Мак а.д. Скопје,** застапувана од директорот Алеш Шкраба од друга страна, како нарачател на услугата (во понатамошниот текст Нарачател).

### Член 1

Предмет на овој договор е извршување на услуга односно изнесување, транспортирање и депонирање на комунален цврст технолошки отпад од објектот на Нарачателот до санитарната депонија.

### Член 2

Извршителот се обврзува да го подигне сметот со сопствено возило и да го депонира во санитарната депонија.

### Член 3

Извршителот се обврзува да го депонира сметот придржувајќи се на усвоената технологија за депонирање на смет.

### Член 4

Двете страни се договорија да извршителот го подига сметот најмалку два пати во неделата по можност во вторник и петок.

### Член 5

Цената на услугата ќе изнесува 28.000,00 (дваесет и осум илјади денари), а ДДВ-то го плаќа ЈКП Зелениково, с.Зелениково.

### Член 6

Наплатата на услугата ќе се реализира 30 дена од валутата наведена во фактурата.

**Член 7**

Во случај на раскинување на овој договор, страната која сака да го раскине договорот е должна написмено да ја извести другата договорна страна 30 дена однапред.

**Член 8**

За сето она што не е регулирано со овој договор важат одредбите на Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Во случај на спор помеѓу двете страни, надлежен е основен суд Скопје 2 Скопје.

**Член 10**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја страна.

**Член 11**

Овој договор има важност од денот на неговото потпипување иважи во период од една година со можност за продолжување, регулирано со Анекс договор.

**Фруктал Мак а.д**

**Алеш Шкраба**

**ЈКП Зелениково**

**Јованче Т Димовски**